Мониторинг и подобрувањенакапацитетотнаинституциитевосправувањесоорганизиранкриминал и корупција
Monitorimidhepërmirësimiikapacitetevetëinstitucionevenëballafaqim me krimin e organizuardhekorrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity’s fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

КОАЛИЦИЈА КОАЛИЦИЈА KOALICIONI
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BASO NJAVALO KRISIPE

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**Во извештајниот период што се однесува на месец јануари 2021 година беа мониторирани 36 закажани рочишта за кривични постапки од областа на организираниот криминал и корупцијата, од кои 28 беа одржани, а 8 беа одложени.**

## К-817/11 – „Маџар Телеком“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 вв ст ав 4 и став 1.

На рочиштето од **22.01.2021 година** беше донесено решение со кое се одбива предлогот на одбраната во однос на изведување на доказ (исказ на сведок) од причина што, како што наведе претседателот на судечкиот совет, се работи за недозволен предлог бидејќи лицето во моментот на давањето на исказот во истражната постапка бил испитуван во својство на осомничен и поучен на најдобар можен начин да ја изнесе својата одбрана, но истиот не е поучен да ја зборува вистина, која поука се дава на сведок во една постапка, па од тие причини неговиот исказ не може да се изведе како доказ, додека останатите предлози на одбраната за изведување на вербалните докази дадени од страна на сведоците кои веќе еднаш дале исказ беа дозволени. За ваквото изведување, застапникот на обвинението даде согласност.

## К-1493/17 – „Тотал“

Предметот се води за кривично дело „Даночно затајување“ од член 279 ст. 2 вв ст. 1 вв чл. 45 од КЗ

Рочиштето од **27.01.2021 година** се одложи поради отсуство на бранител на правните лица. Судијата појасни дека на уште на минатото рочиште било напоменато дека треба да има бранител на правните лица кој е адвокат и кој не може да бидебранителот на обвинетото физичко лице. Поради тоа, било договорено на ова рочиште правните лица да имаат друг бранител, но на рочиштето повторно беа присутни истите адвокати како и претходниот пат кои го застапуваат обвинетиот и кои инсистираа да ги застапуваат и правните лица, тврдејќи дека не постои конфликт на интереси. Судијата појасни дека тоа не е можно, за што се советувала и со Апелациониот суд од каде добила одговор дека едно лице не може да биде бранител и на обвинетиот и на правните лица во постапката. Поради тоа, судијата задолжи за нареден пат да се назначи друг бранител на правните лица, а доколку тоа не биде сторено, тогаш судот ќе назначи бранител по службена должност.

## К-1959/17 – „Тортура“

Предметот се води за кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од член 142 став 1 од КЗ.

На рочиштето од **27.01.2021 година** се расправаше по однос на претходно доставената пречистена листа на докази на одбраната, по што јавниот обвинител истакна приговор и не се согласи да се сослушаат на ова рочиште двајцата присутни сведоци, од причина што согласно ЗКП истото може да се

дозволи единствено во дополнение на постапката. Одбраната истакна дека на претходното рочиште странките се договориле поради економичност на постапката во оваа фаза да се изведат доказите. Судот наведе дека доколку обвинителството се согласува, судот ќе дозволи испитување на сведоците, меѓутоа, обвинителот истакна дека на претходното рочиште не бил запознаен со фактот дека одбраната ќе предлага сведоци кои дотогаш воопшто не биле предложени. Предлогот не беше прифатен, а расправата беше одложена на барање на одбраната со цел соодветна подготовка на прашањата за испитување на обвинетите лица.

## К-1413/19 – „Талир 2“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 4 в.в. став 3 в.вств 1 в.в. член 22 в.в. член 45 од КЗ.

Рочиштето од **21.01.2021 година** беше одложено поради отсуство на судијата кој се тестирал за КОВИД-19 поради појава на симптоми на вирусот, а резултатите од тестирањето до моментот на одржувањето на рочиштето не биле пристигнати.

## К-2616/20 – „Моќник“

Предметот се води за следните кривично дела: „Измама“ од член 247 став 4 во врска со став 1 во врска со член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 2 во врска со став 1 во врска со член 23 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 2 во врска со став 1 во врска со член 22 од КЗ.

Рочиштето од **13.01.2021 година** беше одложено поради отсуство на обвинет, по што судот го побара обвинетиот на мобилен телефон со цел да се избегне одлагање на следното рочиште. Исто така, судот констатираше дека ќе изготви формално решение со кое се запира постапката спрема 11-то обвинетата поради смрт.

Рочиштето од **25.01.2021 година** беше одложено по барање на бранител за подготвка на одбрана со оглед дека обвинетиот истиот ден го прими обвинението.

## КОК-47/17 – „Таргет/Тврдина“

Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ; „Фалсификување службена исправа“ од член 361 став 1 од КЗ; „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 в.в. став 1 од КЗ.

На рочиштето од **11.01.2021 година** беа испитани 6 сведоци кои беа директно испитани од страна на одбраната и вкрстено испитани од страна на обвинителството. Карактеристично за ова рочиште е тоа што одбраната многу често реагираше на вкрстеното испитување од страна на обвинителството со образложение дека таквиот начин на формулирање на прашањата не е согласно правилата на вкрстено испитување и дека преку некои од прашањата обвинителството се обидува да добие одговори од сведоците кои не биле воопшто спомнати во текот на директното испитување. Судот во голема мера ги

прифати приговорите на одбраната и на неколку наврати му сугерираше на претставникот на обвинението да го преформулира прашањето, а во неколку наврати и воопшто не ги дозволи поставените прашања.

Рочиштето од **13.01.2021** година беше одложено поради отсуство на една од обвинетите од причина што имала влошена здраствена состојба, зашто нејзиниот бранител достави до судот медицинска документација.

На рочиштето од **15.01.2021 година** беа испитани 3 сведоци, директно испитани од страна на одбраната и вкрстено испитани од страна на обвинителството.

На рочиштето од **18.01.2021 година**беа директно испитани 4 обвинети на предлог на одбраната, а потоа и вкрстено од страна на обвинителот.

На рочиштето од **22.01.2021 година**се започна со дополнението на доказната постапка, во чии рамки нанапред беше изведен еден материјален доказ преку презентирање на содржината од страна на обвинителството во чии рамки јавноста беше исклучена заради чување на службена тајна, а беше дозволено да присуствува претставник на Коалицијата како стручна јавност. По изведувањето на овој доказ, се премина кон изведување на дел од останатите материјални докази предложени од обвинителството.

На рочиштето од **26.01.2021 година** се вршеше директно испитување на вештак од областа на материјално – финансиското и сметковотственото работење предложен од страна на обвинителството, кој има изготвено супервештачење во дополнението на доказната постапка. Пред почетокот на испитувањето на вештото лице, бранителите на обвинетите приговараа на содржината на вештачењетобидејќи сметаа дека супервештачењето треба да биде изготвено врз основ на претходно вештачење од вештак од информатичко – технолошка област кој во моментот на изготвување на неговото вештачење немал важечка лиценца, поради што вештачењето и супервештачењето кое треба да се презентира на ова рочиште се невалидни. Иако дискусијата траеше подолг период, на крајот судот сепак одлучи да се сослуша вештакот и обвинителството пристапи кон директно испитување, по кое судот ѝ даде прилика на одбраната вкрстено да го испита вештакот.

## КОК-52/17 – „Траекторија“

<u>Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 од КЗ.</u>

На рочиштето од **20.01.2021 година** беше испитан 1 сведок на предлог на обвинителството. По директното испитување од страна на јавниот обвинител, судот и даде прилика на спротивната страна вкрстено да го испраша спротивставениот сведок.

На рочиштето од **28.01.2021 година** беше отстапено од начелото на непосредно изведување на доказите, согласно член 388 од ЗКП од причина што сведокот кој требаше да се испита во фазата на доказна постапката во меѓувреме починал. Така, од страна на обвинителот бешепрочитан исказ на сведок даден во рамки на истражната постапка.

## КОК-53/17 – „ТНТ“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. со став 1 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 од КЗ.

На рочиштето од **12.01.2021 година** се испита 1 сведок предложен од страна на обвинителството. Откако сведокот беше директно испитан од страна на јавниот обвинител и вкрстено од одбраната. Бидејќи истиот сведок е предложен и од страна на одбраната, одбраната по вкрстеното испитување, веднаш пристапи кон директно испитување на сведокот, кое испитување не заврши, од причина што расправата беше прекината бидејќи судечкиот совет во наведениот термин имал други однапред утврдени обврски. Во текот на испитување на сведокот, претседателот на советот, без истакнати приговори од страна на јавниот обвинител реагираше на начинот на поставување на прашањата од страна на одбраната бидејќи ценеше дека прашањата не произлегуваат од директното испитување. На главната расправа беше присутен преведувач поради потребите на еден од бранителите во постапката, а согласно Законот за употреба на јазиците.

На рочиштето од **22.01.2021 година** се продолжи со испитување на  сведокот предложен од одбраната. Сведокот беше директно испитан од одбраната и вкрстено испитан од јавниот обвинител. Еден од бранителите пред почнување на расправата истакна дека поради други обврски, во текот на рочиштето друг адвокат ќе го замени, за што судот даде согласност. Откако беше направена замената на бранителите, судот истото го нотираше на записник, па во моментот кога ги внесуваше личните податоци на бранителот, се востанови дека таткото на бранителот бил вештак кој има изготвено вештачење токму во овој предмет. Како би се избегнала конфликтна ситуација судот побара од адвокатот да не биде бранител на ова рочиште со што се согласија и обвиентите кои тој требаше да ги застапува, по што се врати првичниот бранител на обвинетите којво меѓувреме бил известен за настанатата ситуација. На крај од рочиштето, судот побара од адвокатот да истакне на записник дека не знаел за поврзаноста на вештакот со бранителот кој требаше да го замени, иако судот истакна дека во случајот нема конфликт на интереси повикувајќи се на Законот за адвокатура.

На рочиштето од **26.01.2021 година** беше испитан сведокот предложен од страна на обвинителството и одбраната, со тоа што на ова рочиштето одбраната поставуваше директни дополнителни прашања. Овој сведок се изјасни пред судот дека има здравствени проблеми и дека во текот на испитувањето ќе му биде потребно да изглегува надвор да земе воздух. Судот се согласи и му дозволи на сведокот да седне додека трае испитувањето поради неговата здравствена состојба. Потоа поради истата причина, судот ги праша странките дали се согласни исказот на сведокот кој е веќе даден на претходните 2 рочишта, да се прочита односно да се стави формално на записник, како не би траело многу време испитувањето, а само да се допраша сведокот во дополнително испрашување доколку странките имаат нови прашања, на што странките се согласија. Пред отпочнување на рочиштето, бранителот побара збор и наведе дека доставува писмен поднесок до советот со барање за изземање на јавниот обвинител во овој предмет, а поднесокот да се достави до државниот јавен обвинител. Судечкиот совет констатиташе дека ова барање не го одложува судењето.

## КОК-60/17 – „Трезор“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 и став 1 в.в. со член 24 од КЗ.

Рочиштето од **01.05.2021 година** се одложи поради тоа што сведокот кој требаше да се испитува на ова рочиште еден ден претходно беше повлечен од страна на одбраната.

На рочиштето од **12.01.2021 година** беше испитан 1 обвинет. Обвинетиот беше директно испитан од страна на бранителот и вкрстено испитан од страна на јавниот обвинител.

На рочиштето од **21.01.2021 година**застапниците на обвинението доставија предлог за дополнение на доказна постапка за изведување на материјални докази, кој предлог беше врачен на Судот и на одбраната како би можеле истите да се запознаат со предлогот и доказите во прилог кон него и да се произнесат за истите. Расправата беше прекината откако одбраната побара да добие време како би се запознала со доставениот предлог од страна на обвинителство. На записник беше констатирано дека отсутни се двајца сведоци, за кои било предвидено да даваат исказ на ова рочиште.

На рочиштето од **29.01.2021 година** беше испитан 1 сведок на предлог на обвинителството. По директното испитување, судотѝдаде прилика на спротивната страна вкрстено да го испита спротивставениот сведок, но приликата не беше искористена.

## КОК-64/17 – „Тендери“

Предметот се води за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в со став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

Рочиштето од 28.01.2021 година беше одложено поради отсуство на вешто лице кое го изготвило вештиот наод и мислење по барање на обвинителството.Вештото лице е неуредно викано од причина што поканата која што била доставнена на адресата каде што работел вештакот била вратена со назнака дека истиот повеќе не работи таму, а воедно ја променил и адресата на живеење меѓутоа истата не била пријавена и променета, па судот неможел да ја обезбеди точната адреса на живеење пред почнување на денешното судење.

## КОК-66/17 – „Монструм“

Предметот се води за кривичното дело „Тероризам“ од член 394-б став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

На рочиштето од **11.01.2021 година**беше предвидено да се изведе извештај од МВР со екстрахирани податоци од мобилни телефони на обвинетите. Одбраната истакна дека не и биле доставени сите податоци поради што побара да и бидат доставени за да се запознае со содржината. Судијата реши на записник да се напише дека извештајот се изведува, а после рочиштето да им се даде материјалот на усб на бранителите и на оштетените. Исто така беше присутно и техничко лице од МВР кое го вршело екстрахирањето на податоците и истото беше испитано во својство на сведок, со оглед на тоа што не

станува збор за класично вештачење, туку задачата на лицето била само да се извадат тие податоци, а нивната содржина ќе се разгледува од страна на судот. Бидејќи предметот се води по стар ЗКП, сведокот беше испитан од страна на судот, па потоа прашања поставуваа обвинителството и одбраната.

На рочиштето од **21.01.2021 година** судот констатираше дека доказите предложени од страна на одбраната минатото рочиште се одбиваат и со тоа завршува доказната постапка. Јавното обвинителство започна со завршни зборови и го прецизираше диспозитивот на обвинителниот акт. Исто така го повлече обвинението спрема еден од обвинетите, поради тоа што оцени дека нема доволно докази против него.

## КОК-7/18 – „Титаник“

Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ од член 165-а став 1 в.в. член 45 од КЗ; „Повреда на избирачкото право“ од член 159 став 2 в.в. со став 1 в.в. со член 45 од КЗ; „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од член 160 став 2 в.в. со член 23 и член 45 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 и член 23 од КЗ; „Фалсификување исправа“ од член 378 став 2 в.в. член 45 од КЗ; „Поткуп при избори и гласање“ од член 162 став 1 и в.в. со член 45 од КЗ; „Уништување на изборен материјал“ од член 164 став 2 од КЗ.

На рочиштето од **14.01.2021 година**беа сослушани 12 сведоци на предлог на обвинителството. По директното испитување од страна на јавниот обвинител, судот ѝ даде прилика на спротивната страна вкрстено да го испита спротивставениот сведок, која прилика беше искористена.

На рочиштето од **25.01.2021 година** беа испитани 5 сведоци на предлог на обвинителството. По директното исптиување од страна на јавниот обвинител, одбраната вкрстено ги испита сведоците.

На рочиштето од **29.01.2021 година** беа испитани 11 сведоци на предлог на обвинителството. По директното исптиување од страна на јавниот обвинител, одбраната вкрстено ги испита сведоците.

## КОК-3/19 – „Талир“

Предметот се води за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 в.в.став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ одчлен 273 став 1 в.в. член 22 в.в. член 45 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член353 став 4 в.в. став 3 в.в. став 1 в.в. член 24 в.в. член 45 од КЗ и „Перење пари и други приноси одказниво дело“ од член 273 став 12 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ.

На рочиштето од **18.01.2021** година беа исптани 6 сведоци на предлог на обвинителството. По директното испititување од страна на јавниот обвинител, одбраната вкрстено ги испита сведоците.испитувањето на секој сведок, Претседателот на советот ја прашуваше одбраната дали останува на својот предлог да се испитаат сведоците како докази на одбраната, со оглед дека истите се наоѓаат и на нивната листа на докази. Иако одбраната ги повлекуваше своите предлози за секој сведок поединечно, за кое повлекување доби и согласност од страна на застапниците на обвинението. За ваквото отстапување, односно прашување дали ќе пристапат во директно испитување на сведоците, не беше донесено формално решение. Претседателот на советот, на записник ги опомена сите странки во постапката бидејќи при испитување на 5-тиот сведок, одбраната и обвинителство започнаа меѓусебна

,,расправија'' околу изјавата на сведокот, односно што сведокот точно изјавил.Пред започнување на главната расправа, збор побара еден од бранителите и наведе дека поднесува барање за изземање на присутните застапници на обвинението, а согласно законските одредби, тоа го прави веднаш по дознавањето дека политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, која се јавува како обвинет во овој случај, има поднесено кривична пријава за секој од присутните обвинители поединечно.Подносителот, воедно и обвинет во оваа постапка, смета дека постојат околности кои предизвикуваа сомнеж за евентуална непристрасност во постапувањето на застапниците на обвинението. По ова, збор побара еден од застапниците на обвинението кој наведе дека барањето е упатено на погрешна адреса, од причина што во надлежност на Судот е единствено решавање по барања кои се однесуваат за изземање на судиите и судиите поротници, а поднесеното барање е исклучиво дадено со цел да се одолговлекува кривичната постапка. Претседателот на судечкиот совет наведе дека поднесеното барање за изземање на застапниците на обвинението ќе биде препратено до Републичкото јавно обвинителство на Р. Северна Македонија, а постапката ќе продолжи.

На рочиштето од **27.01.2021** година се испитуваа 4 присутни сведоци предложени од страна на обвинителството иако за ова рочиште беше предвидено да се испитаат 11 сведоци. Сведоците беа директно испитани од страна на јавниот обвинител и вкрстено од одбраната. Пред сослушувањето на сведоците од страна на ЈО беа изведени и неколку материјални докази - уплатници.

## КОК-57/17–„Топлик“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353став 5 в.в. со став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

На рочиштето од **13.01.2021 година** беа испитани 2 сведоци на предлог на одбраната. Сведоците беа директно испитани од страна на одбраната и вкрстено од страна на обвинителството.

## КОК-2/20 – „Организатори на 27ми април“

Предметот се води за кривичното дело „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ од член 313 од КЗ.

На рочиштето од **11.01.2021 година** беа испитани 18 сведоци на предлог на одбраната. По директното испитување од страна на одбраната, на спротивната страна и беше дадена прилика да ги испита сведоците, но приликата не беше искористена.

На рочиштето од **15.01.2021 година** беа испитани 14 сведоци на предлог на одбраната. По директното испитување од страна на одбраната, на спротивната страна и беше дадена прилика да ги испита сведоците, но приликата не беше искористена.

На рочиштето од **28.01.2021 година** беа испитани 14 сведоци на предлог на одбраната. Одбраната директно ги испита сведоците, по што јавниот обвинител пристапи кон вкрстено испитување.

## КОК-49/20 – „Меѓународен сојуз“

Предметот се води за кривичните дела „Измама“ од член 247 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 од КЗ и „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ од член 396 од КЗ.

На рочиштето од **26.01.2021 година** беше сослушано стручно лице вработено во Министерството за внатрешни работи на РСМ во секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика, кое ги изготвило извештаите, постапувајќи по наредбата за вештачење. Ова стручно лице беше директно испитано од страна на јавниот обвинител и вкрстено испитано од страна на одбраната. При вкрстеното испитување покрај одбраната и обвинетите, на стручното лице му беа поставувани прашања од технички советник кој го има ангажирано одбраната. Дополнително, во врска со извештаите кои ги изработило ова стручно лице, а кои се дел од материјалните докази кои ги предлага обвинителство, не беа изведени на ова рочиште од причина што имаше голем број на приговори (дуплики и реплики) по однос на тоа дали треба истите да бидат изведени, поради што Претседателот на судечкиот совет наведе дека за изведувањето на овие материјални докази, ќе соопшти одлука на наредната главна расправа.

## КОК-64/20–„Колибри“

Предметот се води за кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотичнидроги, психотропни супстанци и прекурсори“ одчлен 215 став 3 во врска со став 1 одКЗ.

Рочиштето од **27.01.2021 година** беше одложено поради тоа што судската порота во овој предмет е ангажирана во ист термин на друг главна расправа.

## К-2799/20- „Друмарина“

Предметот се води за кривично дело „Измама во службата“ од член 355 ст.3 в.в. со ст.1 и в.в. со чл. 45 ст. 3 од КЗ.

На рочиштето од **27.01.2021 година**беше испитан 1 сведок на предлог на обвинителстовото. Откако јавниот обвинител директно го испита сведокот, ѝ беше дадена прилика на спротивната страна вкрстено да го испита сведокот, но приликата не беше искористена.

## Коментар:

Се поздравува правилната примена на одредбите од ЗКП кои што се однесуваат на изведување на претходно прибавените искази на сведоците кои во меѓувреме починале. Притоа, се апострофира можноста за користење на одредбите од ЗКП за одржување на доказно рочиште во текот на претходната постапка, во услови на идна неможност за сведочење на некој сведок, доколку во текот на претходната постапка странките биле свесни за евентуалните причини за идна недостапност на сведокот. Исто така се поздравува правилното постапување на судот за одбивање за изведување на исказот на сведокот даден во претходна постапка, поради тоа што исказот бил даден во својство на осомничен, а не во својство на сведок.

Се апострофира потребата од доразјаснување на одредбите од ЗКП во однос на правото на бранител на повеќе сообвинети лица, особено во случајот кога помеѓу сообвинетите физички лица сообвинети се

и правни лица. Во таа насока заслужува внимание толкувањето на судот дека ист бранител не може да ги застапува и правните и физичките лица.

Потребно е определено унапредување на одредбите од Законот за вештачење, како и од ЗКП, во однос на третманот на вештите лица кои се запишани на листата на овластени вештаци, но истовремено имаат истечена лиценца или лиценцата е во фаза на (пре)издавање.

Исто така, ја нагласуваме потребата од почитување на одредбите од ЗКП во однос на содржината на прашањата што може да се поставаат во директното и во вркстеното испитување на сведоците. Притоа, потсетуваме дека вркстеното испитување се одвива само врз основа на фактите изнесени во директното испитување на сведокот, а доколку странките имаат потреба од определни дополнителни факти од некој сведок, тогаш истиот сведок нужно би требало да се повика и од другата стрнка која по пат на директно испитување би ги извела овие факти од сведочењето на сведокот. Во оваа пригода, повторно ја потврдуваме потребата од придржувањето до редоследот на изведување на доказите во текот на главната расправа и потребата од одбегнување на практиката сведоците што се предложени од двете стрнаки да бидат испитувани последователно. Дотолку повеќе, сметаме дека оваа практика би требало да се отстрани, бидејќи создава непотребни процесни недоследности, особено имајќи го предвид фактот дека судот во случаите кога предлага и одлучува за отстапување од редоследот на изведувањето на доказите пропушта да донесе решение, практика што е во директна колизија со одредбите од ЗКП.

Интересна за коментар е увидената практика кога судот дозволил примена на преведувач за бранителот, кој е истовремено адвокат, а врз основа на примена на одредбите од Законот за јазиците. Сметаме дека оваа практика е спротивна со одредбите од ЗКП и од Законот за адвокатурата, при што истата не би требало да се толерира од стрна на судот, бидејќи единствено е насочена кон шиканирање на судот и злоупотерба на процесните овластувања за употреба на јазикот во псотапката, а инспирирани со цел одолговлекување на кривичната постапка, а со тоа и загрозување на процесот на фер судење во целина.

Во оваа насока интересна за коментар е и практиката за поднесување на приговор за изземање на овластените тужители, која се поднесува во текот на главната расправа пред судечкиот совет, а не до надлежниот Јавен обвинител, согласно Законот за јавно обвинителство. Сметаме дека ваквата практика е правилно осуетена од стрна на судот како средство за одолговлекување на кривичната постапка, а не како начин за заштита на правото на фер судење.

За поздравување е практиката на користење на технички советник на одбраната во насока на изведувањето на наодот и мислењето на вештаците. Сепак, сметаме дека е потребна доследна примена на одредбите од ЗКП, во насока на почитувањето на редоследот на изведувањето на доказите, со што би се одбегнала ситуацијата кога се користат поголем број на приговори (реплики и дуплики) во насока на изведувањето на материјалните докази поврзани со изготвеното вештачење.

Исто така, видно од зголемените дискусии и приговори на странките во поглед на соодветното пренесувањето на исказите на сведоците на записник од страна на судот, уште еднаш произлегува реафирмирањето на потребата од воведување на можноста за аудио и/или аудиовизуелно снимање на рочиштата со што би се одбегнала ваквата практика.

Конечно, новите правила на изведување на доказите уредени во ЗКП од 2010-та година, само ја потврдува правилната концепциска определба за зголемувањето на степенот на фер и правичност на главната раасправа, на тој начин што е отстранета практиката на изведување на дел од доказите кои што не им биле во целост достапни за увид на спротивните странки, а увидена на едно од рочиштата кои

што се водат според стариот ЗКП, кога судот одлучил да изведе определен доказ на главниот претрес и покрај приговорите на одбраната дека не биле запознаени во целост со содржината на истите.